**АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА**

**СУ-04-01/25**

**09.01.2025 година**

**БИТОЛА**

Врз основа на чл.18 ст.1 алинеа 2 и ст.6 од Законот за судска служба („Сл.весник на РМ“ бр.43/15, 98/15, 33/15, 6/16 и 198/18) во врска со чл.22 и чл.23 од Законот за работни односи, Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административната селекција, на испитите, проверката на веродостојност на докази и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работни места, како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници, („Службен весник“ бр.236/18), Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во Апелационен суд Битола Су-01-47/2018 од 29.11.2018 година, Правилникот за систематизација на работните места во Апелационен суд Битола Су-01-47/2018-1 – Пречистен текст од 18.09.2019 година, Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во Апелационен суд Битола Су-01-51/2019 од 16.09.2019 година, Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во Апелационен суд Битола Су-01-62/2019 од 16.12.2019 година, а по добиената согласност од Министерство за финансии бр.19-12963/2 од 30.12.2024 година, на ден 09.01.2025 година Апелационен суд Битола објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАС бр. 1/2025

За вработување на судски службеници на определено време до 31.03.2025 година за следните работни места:

1. **Судски референт – дактилограф, категорија „Г“, ниво „Г-3“ – 1 (еден) извршител**

   Услови што се бараат за вршење на работата:

   **Стручни квалификации:**

   Стекнати најмалку вишо или средно образование.

   **Работно искуство:**

   Најмалку една година работно искуство во струката.

**Посебни работни компетенции:**

-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски).

-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Посебните работни компетенции се докажуваат со приложување на соодветен доказ (диплома, сертификат, уверение).

Платата на судскиот службеник ќе изнесува 27.076,00 денари. Работни часови неделно 40 часа. Работно време од 07:30 – 15:30 часот. Дневна пауза од 10:00 – 10:30 часот. Работни денови: од понеделник до петок.

2. **Судски референт – извршител во писарница, категорија „Г", ниво „Г-3" – 2 (два) извршители**

Услови што се бараат за вршење на работата:

**Стручни квалификации:**

Стекнати најмалку вишо или средно образование.

**Работно искуство:**

Најмалку една година работно искуство во струката.

**Посебни работни компетенции:**

-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски).

-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Посебните работни компетенции се докажуваат со приложување на соодветен доказ (диплома, сертификат, уверение).

Платата на судскиот службеник ќе изнесува 27.076,00 денари. Работни часови неделно 40 часа. Работно време од 07:30 – 15:30 часот. Дневна пауза од 10:00 – 10:30 часот. Работни денови: од понеделник до петок.

Сите кандидати треба да ги исполнуваат следните Општи услови:

- Да е државјанин на Република Северна Македонија (уверение за државјанство не постаро од 6 месеци)
- Активно да го користи македонскиот јазик,

- Да е полнолетен (копија од лична карта)
- Да има општа здравствена способност за работното место (лекарско не постаро од 6 месеци)
- Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна за забрана на вршење на професија, дејност или должност (уверение не постаро од 6 месеци)

Кандидатите се должни да се пријават на огласот со пријава за вработување на судски службеник и истата можат да ја подигнат во портирницата на Апелационен суд Битола - или да ја преземат од веб страната на судот www.asbitola.mk.

Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци. Доказите кон пријавата се доставуваат во оригинал или копија заверена на нотар.

Рокот за пријавување трае 5 (пет) работни дена сметано од денот на последното објавување на Огласот (не сметајќи го денот на објавувањето).

Ненавремена, нецелосна и неуредна пополнета пријава, нема да биде предмет на разгледување.

Пополнетата пријава заедно со доказите за исполнување на општите и посебните услови (за стручните квалификации, работното искуство и посебните работи компетенции), кандидатите се должни да ги достават непосредно преку пошта или во архивата на судот

**АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА**

**Ул.Булевар Први Мај бр.63 Битола**

**(со назнака за Јавен оглас број - 1/25)**

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Информации на следниот телефон: 047 227 999, локал 101 или на следната електронска пошта: info@asbitola.mk.

Изборот ќе се изврши во рок согласно чл.23 ст.2 од Законот за работни односи.

Апелационен суд Битола,

ВД Претседател,

Судија

Жаклина Доведен

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА АПЕЛАЦИОНЕН СУД 1 БИТОЛА